„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL...291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ.....307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 811.163.3'373.421:821.163.3-31

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ
(Семантички и стилистички аспекти)

Симона Груевска-Мацоска
Институт за македонски јазик
„Крсте Мисирков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3704-7331

Клучни зборови: лексичка синонимија, лексичко-семантичка акумулација, зборообразувачки дублети, верижна акумулација, значенско премостување, лингвостилистика, индивидуален стил, Гоце Смилевски

Резиме: Трудот ја истражува лексичката синонимија во романите „Планетата на неискуството“ (2000), „Разговор со Спиноза“ (2004) и „Сестрата на Зигмунд Фројд“ (2007) од Гоце Смилевски. Анализата се заснова врз корпус од 274 ексцерпирани лексички низи во кои значенски сродни единици се наведуваат последователно, во иста синтаксичка функција. Корпусот се обработува квантитативно, според бројот и должината на низите во секој роман, и квалитативно, според семантичката структура и стилистичката функција. Се разграничуваат синонимскиот ред, како лексичко-семантички однос, и лексичко-семантичката акумулација, како текстуална постапка позната во реторичката традиција како *accumulatio* или *congeries*. Се издвојуваат неколку структурни типови: зборообразувачки и дијалектни дублети, објаснувачки низи со интернационализам или термин, хиперонимски низи, семантички хетерогени акумулации и верижни акумулации, во кои значењето преку полисемијата на поединечни членови постепено се поместува кон друга поимска област. Како доминантни функции се утврдуваат поимското прецизирање, објаснувањето, експресивната интензификација, психолошкото портретирање, вредносната карактеризација и ритмичката организација на исказот. Споредбата покажува дека постапката е најинтензивна во „Планетата на неискуството“, додека во подоцнежните романи е поретка, но функционално

поспецијализирана. Се заклучува дека повеќечленото именување е препознатлив елемент на индивидуалниот стил на Смилевски и средство преку кое јазикот го покажува и сопствениот напор да го именува предметот.

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects)

Simona Gruevska Madjoska
Institute of Macedonian language
"Krste Misirkov" – Skopje
Ss. Cyril and Methodius University
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3704-7331

Keywords: lexical synonymy, lexico-semantic accumulation, word-formational doublets, chain accumulation, semantic bridging, linguistic stylistics, idiostyle, Goce Smilevski

Summary: The paper examines lexical synonymy in Goce Smilevski's novels *Planetata na neiskustvoto* [The Planet of Inexperience] (2000), *Razgovor so Spinoza* [Conversation with Spinoza] (2004) and *Sestrata na Zigmund Frojd* [Freud's Sister] (2007). The analysis is based on a corpus of 274 excerpted lexical series in which semantically related units occur in succession, in the same syntactic function. The corpus is examined quantitatively, according to the number and length of the series in each novel, and qualitatively, according to their semantic structure and stylistic function. A distinction is drawn between the synonymic series, as a lexico-semantic relation, and lexico-semantic accumulation, as a textual device known in the rhetorical tradition as *accumulatio* or *congeries*. Several structural types are identified: word-formational and dialectal doublets, explanatory series containing an internationalism or a term, hypernymic series, semantically heterogeneous accumulations, and chain accumulations, in which the meaning gradually shifts towards another conceptual domain through the polysemy of individual members. The dominant functions identified are conceptual specification, explanation, expressive intensification, psychological portrayal, evaluative characterization and the rhythmic organization of the utterance. The comparison shows that the device is most intensive in *The Planet of Inexperience*, whereas in the later novels it is less frequent but

functionally more specialized. It is concluded that multiple naming is a recognizable feature of Smilevski's idiostyle and a means by which language also displays its own effort to name its object.

Лексичката синонимија е еден од основните лексичко-семантички односи, но и значајно средство за стилско обликување на изразот. Употребата на синонимите во уметничкиот текст е условена од семантичките својства на лексемите, но и од контекстот, комуникациската намера и индивидуалниот стил на авторот.

Особено интересна е појавата на последователно наведување на повеќе значенски сродни лексеми во рамките на еден исказ. Ваквите низи можат да содржат целосни и делумни синоними, зборообразувачки варијанти, хипероними, контекстуално приближени именувања и описни синтагми. Затоа тие го отвораат прашањето за границите на синонимијата и за нејзината стилистичка функционалност.

Во прозата на Гоце Смилевски оваа постапка е особено забележлива. Едно именување во неговите романи често се надополнува со друго, а значењето притоа се проширува, се прецизира, се проблематизира или постепено се поместува. Наместо избор на еден член од синонимскиот ред, авторот реализира повеќе можни именувања, со што процесот на избирање станува видлив во самиот текст.

Предмет на истражувањето е употребата на лексичката синонимија во три романи на Смилевски: „Планетата на неискуството“ (2000), „Разговор со Спиноза“ (2004) и „Сестрата на Зигмунд Фројд“ (2007). Целите се три: (1) да се опише корпусот квантитативно, според бројот, густината и должината на низите; (2) да се утврдат семантичките односи меѓу членовите и да се разграничат синонимските редови од пошироките акумулации; (3) да се определат доминантните стилистички функции и нивната распределба во трите дела.

Основната претпоставка е дека повеќечленото именување кај Смилевски не е само средство за лексичка варијација туку

повторлива стилска постапка, чија функција се приспособува кон тематските и кон наративните особености на секој роман.

Синонимијата во лексичката семантика се определува преку значенското совпаѓање меѓу две или повеќе лексички единици. Сепак, целосното совпаѓање е ретка појава. Лексемите што означуваат иста или слична содржина најчесто се разликуваат според семантичката структура, употребните ограничувања, конотациите и стилската маркираност.

Лајонс (Lyons, 1977) ја разгледува синонимијата во рамките на односите на значенска еквивалентност и ја разликува апсолутната синонимија, која подразбира заменливост во сите контексти, од многу почестата делумна синонимија. Круз (Cruse, 1986; 2000) предлага скала на синонимност: апсолутни синоними, когнитивни синоними, кои имаат исто пропозициско значење, а се разликуваат по експресивните и стилските својства, и блиски синоними или квазисиноними (*plesionyms*), кои се разликуваат и во пропозициското значење, но остануваат во однос на значенска блискост. Оваа скала е применлива во анализата, бидејќи членовите на една низа кај Смилевски најчесто се распоредени токму по различни нејзини степени.

Во македонската лексиколошка литература синонимијата е разработена во трудовите на Груевска-Маџоска (2009; 2021), каде што се разгледуваат видовите синоними, нивните семантички и стилски особености и структурата на синонимските редови. Стилската вредност на синонимите и на лексичкото нанижување се разгледува и во македонската стилистика (Минова-Ѓуркова, 2003). Семантичките толкувања во овој труд беа проверени во „Толковниот речник на македонскиот јазик“ (ТРМЈ).

Повеќечлените лексички низи во книжевниот текст не мора да се состојат исклучиво од синоними. Во нив можат да се поврзуваат лексеми од исто семантичко поле што означуваат различни аспекти на една појава, хипероними и хипоними, па и единици што се приближуваат само во конкретниот контекст. Оттука произлегува основното разграничување на трудот. Синонимскиот ред е парадигматска група лексеми поврзани врз основа на значенското совпаѓање во јазичниот систем. Лексичко-

семантичката акумулација е текстуална, синтагматска постапка на последователно наведување семантички поврзани единици, без задолжителен синонимен однос меѓу сите членови.

Акумулацијата има долга традиција во реториката, каде што е опишана под имињата *accumulatio*, *congeries* и *enumeratio*, а нанижувањето синоними за засилување на мислата и како посебна фигура, *synonymia* (Lausberg, 1998: §§ 649–656, §§ 607–687). Реторичкиот опис ја нагласува функцијата на засилување и истакнување, а лингвистичкиот го овозможува прецизното определување на значенските односи меѓу членовите. Во анализата двата пристапа се дополнуваат.

Од лингвостилистички аспект, значењето на лексичката единица не може да се разгледува изолирано од нејзината позиција и функција во текстот. Лич и Шорт (Leech and Short, 2007) ја истакнуваат поврзаноста меѓу лексичкиот избор, граматичката структура и стилската организација на прозниот исказ.

За толкувањето на синонимските низи е клучна поставката на Јакобсон (Jakobson, 1960: 358) дека поетската функција го проектира принципот на еквивалентност од оската на селекцијата врз оската на комбинацијата. Лексемите што во јазичниот систем се алтернативни избори, кај Смилевски се реализираат последователно, во ист синтагматски сегмент. Нивната парадигматска блискост така станува основа за синтаксичко поврзување и ритмичка организација, а самиот чин на избирање, кој во обичниот исказ останува невидлив, станува дел од текстот.

Корпусот го сочинуваат сите повеќечлени лексички низи ексцерпирани од трите романа, според следниве изданија: „Планетата на неискуството“ (Сигмапрес, 2000), „Разговор со Спиноза“ (Култура, 2004) и „Сестрата на Зигмунд Фројд“ (Култура, 2007). Ексцерпирани се вкупно 274 низи.

Критериуми за вклучување:

1. низата содржи најмалку два члена со заедничка значенска компонента;

2. членовите имаат иста синтаксичка функција и се поврзани асиндетски, односно со запирка;
3. член може да биде и описна синтагма („мртво тело“, „слепа улица“), која се брои како еден член;
4. двочлените низи се вклучени, бидејќи според структурата и функцијата не се разликуваат суштински од подолгите, а често се појдовна точка за нив.

Како гранични случаи, кои се бележат во корпусот, но не влегуваат во синонимската анализа, се третираат: низите поврзани со сврзник („кореографии, чекори и движења“, Смилевски, 2000: 22), низите во кои последниот член е во парадоксален или спротивен однос со претходните („упадлива, забележлива по својата неупадливост“, Смилевски, 2007: 45) и процесните секвенци („изгни, се распадна, црви почнаа да ја јадат“, Смилевски, 2004: 146).

Примерите се анализираат квантитативно, според бројот и должината на низите во секој роман, и квалитативно, преку семантичка и лингвостилистичка анализа. При квалитативната анализа се земаат предвид степенот на семантичкото совпаѓање според скалата на Круз, структурата на низата, односот меѓу интернационализмите и домашните лексеми, зборообразувачките врски, стилската раслоеност на членовите и доминантната функција.

Постапката е најзастапена во „Планетата на неискуството“, каде што се ексцерпирани 119 низи, речиси колку во другите два романа заедно. Разликата е уште појасна кога бројот на низи ќе се стави во однос на опсегот на ексцерпираните страници.

Табела 1. Број, густина и должина на лексичките низи

	Планетата на не-искуството	Разговор со Спиноза	Сестрата на Зигмунд Фројд	Вкупно
Број на низи	119	68	87	274
Опсег на ексцерпцијата (стр.)	8–154	8–158	6–180	
Низи на 10 страници (прибл.)	8,1	4,5	5,0	
Двочлени низи	37 (31,1 %)	16 (23,5 %)	29 (33,3 %)	82 (29,9 %)
Тричлени низи	24 (20,2 %)	23 (33,8 %)	26 (29,9 %)	73 (26,6 %)
Четиричлени низи	29 (24,4 %)	14 (20,6 %)	15 (17,2 %)	58 (21,2 %)
Низи со пет и повеќе члена	29 (24,4 %)	15 (22,1 %)	17 (19,5 %)	61 (22,3 %)
Најдолга низа (бр. на членови)	13	14	11	

Должината на низите е пресметана според претходно наведените критериуми. Описната синтагма се брои како еден член. Густината е пресметана според опсегот на страниците од кои се ексцерпирани примерите, па има ориентациско значење.

Од табелата произлегуваат три согледувања. Прво, густината на постапката во првиот роман е речиси двојно поголема отколку во подоцнежните два, што укажува дека повеќечленото именување е најизразено во почетната фаза од авторовото творештво. Второ, распределбата по должина е релативно рамномерна, односно приближно секоја петта низа има пет или повеќе члена, што покажува дека подолгите акумулации не се

исклучок, туку редовен дел од постапката. Трето, во „Разговор со Спиноза“ доминираат тричлените низи, а двочлените се најмалку застапени. Тоа е во согласност со објаснувачката и поимско-определувачката насоченост на низите во овој роман, за која понатаму ќе стане збор.

Најдолгите низи се функционално различни. Тринаесетчлената низа „супстанцијална, суштинска, вредна, важна, вистинска, значителна, битна, главна, суштествена, основна, стварна, темелна, сигурна“ (Смилевски, 2000: 70) може да се чита како иронична, речиси пародиска, бидејќи го имитира празниот патос на официјалниот говор. Четиринаесетчлената низа „илузија и химера, измама, залажување“, „привид, вообразување, фантазија, заблуда, фикција, привидност, мечта, недостижен идеал, празна надеж, неизведлива замисла“ (Смилевски, 2004: 63) е поимско-рефлексивна, а единаесетчлената „помпезна, блескава, раскошна, величествена, свечена, бомбастична, високопарна, изнакитена, извештачена, сјајна, екстравагантна“ (Смилевски, 2007: 69) е вредносно-карактеризациска. Според тоа, должината на низата сама по себе не ја определува нејзината функција.

Најблиску до синонимскиот ред во потесна смисла се низите составени од когнитивни синоними, кои се разликуваат пред сè по потеклото, стилската маркираност или зборообразувачката структура. Такви се „добротвор, доброчинител“ (Смилевски, 2000: 10), „глумците, актерите, артистите“ (Смилевски, 2004: 88) и „веридба, свршувачка“ (Смилевски, 2007: 58).

Меѓутоа, почесто се случува низата да ја поминува целата скала на синонимност. Во примерот „се јавува во две варијации, отстапувања, промени, варијанти, облици, форми“ (Смилевски, 2000: 8) „варијации“ и „варијанти“, како и „облици“ и „форми“, се когнитивни синоними. „Отстапувања“ и „промени“, пак, внесуваат нови значенски компоненти – оддалечување од нормата и менување на состојбата. Слично, во „есенција, основа, суштина, главна содржина“ (Смилевски, 2004: 8) „есенција“ и „суштина“ се когнитивни синоними, додека „основа“ и „главна

содржина“ се блиски по значење и го претставуваат поимот од друга страна, како темел и како средиште.

Во низата „бездетност, неплодност, неродност, јаловост“ (Смилевски, 2007: 99) лексемите припаѓаат на исто семантичко подрачје, но не се целосно заменливи. „Бездетност“ означува состојба на немање деца, а „неплодност“ неможност за репродукција. „Неродност“ често се однесува и на земјата и на растенијата, а „јаловост“ и со преносното значење на безрезултатност. Истиот семантички комплекс се јавува и во „Планетата на неискуството“, во низата „јаловост, неплодност, неродност, стерилност, штирост“ (Смилевски, 2000: 63), но таму е дополнет со интернационализмот „стерилност“ и со ретко употребуваната лексема „штирост“, што во ТРМЈ е застапена како придавка „штир“. Повторувањето на ист семантички комплекс во два романа сведочи дека авторот работи со одредени синонимски гнезда како со постојан материјал.

Посебна група сочинуваат низите во кои членовите имаат ист корен, а се разликуваат само по зборообразувачкиот модел. Таквите низи се застапени во сите три романа:

- „свежеста, свежината“ (Смилевски, 2000: 95); „лавеж, лаеж, лаење“ (Смилевски, 2000: 112);
- „стравичноста, стравотноста, стравотијата“ (Смилевски, 2000: 13);
- „сласта, сладоста“ (Смилевски, 2004: 105); „сечилото, сечивото“ (Смилевски, 2004: 116); „молежност, молежливост“ (Смилевски, 2004: 143);
- „тегобност, тегоба, тегобија“ (Смилевски, 2007: 39); „слаткост, слач, сладина“ (Смилевски, 2007: 19);
- „стрепев, стрептев, треперев“ (Смилевски, 2007: 41); „молчејкум, молчејќи, молкум, молчешкум“ (Смилевски, 2007: 86).

Кај овие низи значенската разлика е минимална или ја нема, па синонимијата е речиси исклучиво формална. Нивната функција не е поимска, туку звучна и ритмичка. Повторувањето

на коренот создава ефект на ехо, а смената на суфиксите го прави видливо зборообразувачкото богатство на македонскиот јазик. Членовите често се разликуваат и по стилската маркираност.

Низата „дрвото црница, дудинка, муренка, боболка, боболкница“ (Смилевски, 2000: 30) е редок пример за дијалектна синонимија во уметничкиот текст. Петте лексеми се регионални именувања на ист вид плод и дрво. Во исто време, низата е и мала лексикографска збирка, бидејќи наместо да се определи за една, авторот ја покажува самата разновидност на народното именување. Во ТРМЈ не се означени како дијалектни.

На слична постапка се темели и стилската раслоеност на низите со архаизми и црковнословенизми: „во вјеки вјеков, вечно, вековно, со векови, засекогаш“ (Смилевски, 2000: 154), „бивствување, живеење, суштествување“ (Смилевски, 2004: 158) и „олицетворение, олицетворување, оживување“ (Смилевски, 2000: 71). Во нив литургиската или книжевнојазичната форма се спротивставува на современата, со што поимот добива временска длабочина.

Во многу низи првиот член е интернационализам или термин, а следните го објаснуваат со домашна лексика. Таквите низи може да се определат како дефинирачки апозиции. Најчесто се двочлени: „ќорсокак, слепа улица“ (Смилевски, 2000: 10), „фалус, пенис“ (Смилевски, 2000: 30), „Инквизицијата, католичкиот духовен суд“ (Смилевски, 2004: 10), „миси, католички богослужби“ (Смилевски, 2007: 12), „мимикријата, приспособувањето“ (Смилевски, 2007: 52) и „милијарна туберкулоза, туберкулоза на сите органи“ (Смилевски, 2007: 151).

Кај подолгите низи терминот се дополнува со лексеми што го прошируваат или го конкретизираат неговото значење, а не секогаш го повторуваат: „регресија, враќање, отстапување, повлекување, назадување, незрелост“ (Смилевски, 2007: 88); „конвертирање, претворање, преобраќање, трансформирање“ (Смилевски, 2004: 10). Во вториот пример „конвертирање“ и „преобраќање“ ја актуализираат религиската компонента, додека

„претворање“ и „трансформирање“ имаат поширок значенски опсег.

Во „Разговор со Спиноза“ објаснувачките низи ја толкуваат филозофската терминологија на Спиноза: „супстанција, подвижна, менлива материја, сушност, јатка, срцевина“ и „модификации, измени, промени, видоизменувања“ (Смилевски, 2004: 31), „модусот, начинот“ (Смилевски, 2004: 31), „адекватни, соодветни, еднакви, сразмерни, погодени идеи“ (Смилевски, 2004: 47) и „детерминираноста, предопределеноста, предодреденоста, условеноста“ (Смилевски, 2004: 44). Филозофскиот термин тука се преведува на секојдневен јазик, а со тоа станува дел од внатрешниот говор на ликот.

Во дел од низите еден член е надреден поим во однос на другите, па односот не е синонимски, туку хиперонимски. Во „санаториум, здравствена установа, болница, лекувалиште“ (Смилевски, 2000: 21) „здравствена установа“ е хипероним на останатите три. Во „намирниците, прехранбени производи“ (Смилевски, 2000: 36) и „урна, кутија, каменен, метален сад“ (Смилевски, 2007: 176) хиперонимот, односно описната синтагма, има функција на дефиниција. Таквите низи наликуваат на речничка статија, во која зборот се определува преку родовиот поим и разликувачките обележја.

Најсложени се низите што поврзуваат лексеми од неколку семантички подрачја. Низата „илузија и химера, измама, залажување, привид, вообразување, фантазија, заблуда, фикција, привидност, мечта, недостижен идеал, празна надеж, неизведлива замисла“ (Смилевски, 2004: 63) ги поврзува привидноста („илузија, привид, привидност“), заблудата („измама, залажување, заблуда“), имагинацијата („вообразување, фантазија, фикција, мечта“) и неостварливоста („недостижен идеал, празна надеж, неизведлива замисла“). Членовите не се синоними, туку нивната поврзаност произлегува од контекстот во кој се проблематизира односот меѓу вистината, привидот и човековите претстави.

Слична структура има и низата „резигнираноста, резигнацијата, безнадежноста, целосната рамнодушност,

помиреноста, помирувањето со судбината, подготвеноста на сè, препуштањето на судбината“ (Смилевски, 2007: 113). Почетните членови се зборообразувачки дублети, а следните внесуваат различни психолошки компоненти: отсуство на надеж, отсуство на емоционална заинтересираност и различни облици на прифаќање на неизбежното.

Посебен тип, кој заслужува засебно внимание, е верижната акумулација – низа во која значењето не кружи околу еден поим, туку постепено се поместува кон друга поимска област. Секој член е значенски поврзан со соседниот, но првиот и последниот член можат да бидат значенски далечни, а значење заедничко за сите членови не мора да постои. Механизмот со кој се остварува преминот го нарекуваме значенско премостување – повеќезначен член со едното значење се надоврзува на претходниот член, а со другото го отвора патот кон следниот. Типот е сроден со верижното поврзување на членовите на радијалните категории што го опишува Лејкоф (Lakoff, 1987), каде што членовите се поврзани по двојки, без обележје заедничко за сите.

Во низата „перспективата, аспектот, гледиштето, гледната точка, очекувањето, надежта, изгледот“ (Смилевски, 2007: 55) првите четири члена се движат во полето на гледањето и ставот. „Очекувањето“ и „надежта“ го пренесуваат значењето во временската, проспективна димензија, а завршниот член „изгледот“ ги спојува двете полиња, бидејќи значи и ‘надворешен вид’ и ‘изгледи за иднината’. Полисемијата на „перспектива“ (‘гледиште’ и ‘иднина’) всушност е отворена на почетокот и затворена на крајот на низата.

Во „плафон, таван, свод, горна граница, највисока точка, краен досег“ (Смилевски, 2000: 118) значењето се поместува од архитектонскиот поим кон метафоричката граница, а премин е изразот „горна граница“, кој е применлив и на двете полиња. Во „одрази, слики, одгласи, реакции, последици, резултати, во сенки“ (Смилевски, 2004: 152) оптичкото значење на „одраз“ преку „одглас“ се пренесува во причинско-последичното поле, а завршниот член „сенки“ го враќа во оптичкото. Низата добива кружна структура.

Верижната акумулација ја прави низата наративна во мал обем. Таа не опишува една состојба, туку движење на мислата од едно значење кон друго. Со тоа овој тип најјасно ја покажува разликата меѓу синонимскиот ред, кој е статичен, и акумулацијата, која е процесна.

Една од најзначајните функции на низите е поимското прецизирање. Последователното наведување создава впечаток дека поимот не може целосно да се определи со едно именување, па секој наредена член е нов обид да се дојде до точниот збор. Во „нова етапа, период, фаза, одделен степен, развоен степен“ (Смилевски, 2000: 9) се поврзуваат временската и развојната определеност, а секој член ја стеснува почетната претстава. Во „опсесија, обземеност, опседнатост“ (Смилевски, 2007: 96) терминот од психоанализата се преведува со домашна лексика, па психолошката преокупираност се претставува од неколку страни.

Низата „професор со значаен интелект, ум, разум, свест, моќ за сфаќање, разбирање, поимање, мисловни способности“ (Смилевски, 2000: 99) го води ова прецизирање до крај – членовите се распоредени како во статија од речник на синоними, од најопштиот поим кон описната дефиниција. Таквите низи можат да се толкуваат како имитација на лексикографскиот дискурс, во кој зборот се толкува преку своите синоними.

Ова мисловно преиспитување најјасно се гледа во низата „несознатлива, несфатлива, неразбирлива, неименлива болка“ (Смилевски, 2000: 145). Низата ја именува когнитивната недостапност на болката, а завршува со „неименлива“, со што самата себе се демантира. Последниот член тврди дека именувањето е невозможно, токму на крајот од низа именувања. Повеќекратното именување тука ја покажува ограниченоста на секое поединечно именување. Тоа е можеби најдлабоката функција на постапката кај Смилевски.

Дефинирачките апозиции имаат објаснувачка функција. Терминот, интернационализмот или ретката лексема се објаснува со позната, па текстот го вклучува и својот речник. Оваа функција е особено застапена во „Разговор со Спиноза“, каде што се

објаснуваат филозофските термини, и во „Сестрата на Зигмунд Фројд“, каде што се објаснуваат медицинските и психоаналитичките („регресија“, „опсесија“, „хибернација, зимски сон“).

Меѓутоа, објаснувањето не е секогаш неутрално. Низата со која почнува „Сестрата на Зигмунд Фројд“, „на 29 јуни 1942 година е транспортирана, пренесена, превезена, испратена во гетото, квартот Терезинштат“ (Смилевски, 2007: 6) го разложува бирократскиот термин „транспортирана“ на неутрални глаголи на движење. Така се разоткрива еуфемистичноста на нацистичкиот административен јазик, во кој депортацијата во логор се именувала како превоз. Истото важи и за „гетото, квартот“, каде што домашното именување ја затскрива суштината на поимот. Низата тука има и етичка, а не само стилска функција.

Низите често ја засилуваат емоционалната состојба, оцената или описната претстава. Во „стравичноста, стравотноста, стравотијата, големиот страв, ужасот на бескрајот“ (Смилевски, 2000: 13) зборообразувачките дублети го повторуваат коренот, по нив описната синтагма „големиот страв“ го зголемува интензитетот, а „ужасот“ е кулминација. Ова е градација во потесна смисла, со јасно степенување.

Сепак, интензификацијата не мора да биде градација. Во „злоставувања, измачувања, малтретирања“ (Смилевски, 2007: 99) и „урликање, јачење, лелекање, офкање“ (Смилевски, 2000: 119) членовите имаат приближно ист интензитет, а експресивниот ефект произлегува од натрупувањето нијанси, а не од нивното степенување. Ова е акумулација без градација – интензитетот расте со бројот на членовите, а не со значењето на поединечниот член.

Во „Сестрата на Зигмунд Фројд“ низите особено често се поврзуваат со психолошкото портретирање. Низата за резигнацијата (Смилевски, 2007: 113) постепено ги открива различните аспекти на внатрешната состојба, од безнадежноста до препуштањето на судбината. Такви се и „ништожно, безначајно, безвредно, неважно, сосема мало, незначително“

(Смилевски, 2007: 85) и „неспретна, невешта, неуредна, површна, несмасна, невнимателна, неприбрана“ (Смилевски, 2007: 86), во кои нараторката ја гради својата слика за себе.

Треба да се има предвид дека во сите три романа нараторот е изразено персонализиран: во „Сестрата на Зигмунд Фројд“ тоа е нараторка во прво лице, а во „Разговор со Спиноза“ наратор што му се обраќа на Спиноза во второ лице. Дел од низите, според тоа, ја карактеризираат свеста на нараторот, неговата склоност кон прецизирање, сомневање и самоанализа, а не само авторскиот израз. Двете нивоа не се исклучуваат. Истата постапка е и одлика на авторскиот индивидуален стил и средство за карактеризација на нараторскиот глас.

Вредносната функција ја покажува низата „со медиокритетите, просечните, второкласните кои ја оценуваа уметноста“ (Смилевски, 2007: 99). „Просечен“, кој е релативно неутрален, тука добива негативна оценувачка вредност од соседството со „медиокритет“ и „второкласен“. Значи, значењето на поединечниот член се модифицира преку заемната поврзаност во низата. Слична е и „помпезна, блескава, раскошна, величествена, свечена, бомбастична, високопарна, изнакитена, извештачена, сјајна, екстравагантна сериозност“ (Смилевски, 2007: 69), каде што позитивно маркираните придавки („величествена, свечена“) добиваат негативна вредност од соседството со „бомбастична“ и „извештачена“.

Последователното наведување на лексеми со иста синтаксичка функција создава паралелизам, а повторувањето на исти морфолошки и зборообразувачки структури дополнителна ритмичка поврзаност. Во „погротескни, понеобични, почудни, понагрдени, покомични, посмешни, понеприродни, покарикирани, подеформирани, покарикатурни“ (Смилевски, 2000: 49) повторувањето на компаративната форма создава изразен морфолошки паралелизам, а семантичката разновидност на придавките ја гради гротескната претстава.

Во „монументалноста, големината, величественоста, моќноста, вредноста, впечатливоста, грандиозноста, импозантноста“ (Смилевски, 2007: 13) ритмот се темели на

апстрактните именки на -„ост“ и на нивната синтаксичка еднородност. Ритмичката функција е највидлива кај зборообразувачките дублети, каде што повторувањето на коренот и смената на суфиксите создаваат речиси звучна шема. Ова е непосредна реализација на Јакобсоновата поетска функција – парадигматски сродните единици се реализираат последователно во ист синтагматски сегмент.

Повеќечлените низи се повторлива постапка во сите три романа, но нејзината густина и насоченост се менуваат. „Планетата на неискуството“ е роман со најголема густина (Табела 1) и со најголема разновидност на типовите. Во него се застапени речиси сите структурни типови, а преовладуваат описните акумулации, ритмичкиот паралелизам и експресивната интензификација. Низите тука често имаат игрива, експериментална природа, каква што е низата со дијалектните именувања на црницата.

Во „Разговор со Спиноза“ бројот на низите се намалува, а преовладуваат тричлените низи. Насоченоста е поимска и објаснувачка. Низите ја толкуваат филозофската терминологија и го прошируваат поимот во повеќе насоки, како во низата за илузијата. Во овој роман се јавува и најдолгата низа во корпусот, но таа е поимско-рефлексивна, а не експресивна.

Во „Сестрата на Зигмунд Фројд“ низите најчесто се поврзуваат со психолошкото портретирање и вредносната карактеризација, а објаснувачката функција е насочена кон медицинските, психоаналитичките и историските термини. Тука се и најдобро поткрепените примери за етичката функција на низата, како во почетниот опис на депортацијата.

Овие разлики не значат строго разграничување на функциите по романи: во сите три се среќаваат описни, експресивни и поимско-објаснувачки низи. Разликата е во доминантата, која е тематски и наративно мотивирана.

Врз основа на анализата се предлага типологија во две димензии. Првата е структурна и семантичка и го определува односот меѓу членовите на низата. Втората е функционална и ја

определува доминантната стилистичка функција. Двете димензии се независни – ист структурен тип може да остварува различни функции, а една низа може да има повеќе функции.

Табела 2. Структурни типови и нивните доминантни функции

Структурен тип	Однос меѓу членовите	Пример	Доминантна функција
Синоними	когнитивна синонимија	„добротвор, доброчинител“ (2000: 10)	семантичко истакнување
делумни синоними	когнитивна и делумна синонимија	„есенција, основа, суштина, главна содржина“ (2004: 8)	поимско прецизирање
зборообразувачки дублети	ист корен, различен суфикс	„тегобност, тегоба, тегобија“ (2007: 39)	ритмичка, звучна
дијалектни и архаични варијанти	дијалектна и дијахрониска синонимија	„црница, дудинка, муренка, боболка, боболкница“ (2000: 30)	стилска раслоеност
дефинирачки апозиции	термин и објаснување	„Инквизицијата, католичкиот духовен суд“ (2004: 10)	Објаснувачка
хиперонимски низи	хиперонимија	„санаториум, здравствена установа, болница, лекувалиште“ (2000: 21)	дефиниciска, прецизирање
семантички хетерогени акумулации	заедничко семантичко поле	„илузија и химера, измама, залажување…“ (2004: 63)	поимско проширување, психолошко портретирање
верижни акумулации	значенско премостување	„перспективата, аспектот… надежта, изгледот“ (2007: 55)	мисловно движење

Морфолошкиот паралелизам („погротескни, понеобични, почудни…“) не е издвоен како посебен структурен тип, бидејќи е формална одлика што може да ја има низа од кој било тип. Истото важи и за експресивната интензификација, која е функција, а не структура.

Низите кај Смилевски не служат за избегнување на лексичкото повторување. Напротив, повторувањето на значенски сродни единици е суштина на постапката. Наместо избор на еден член од синонимскиот ред, авторот реализира повеќе можни именувања и го прави видлив самиот процес на избирање. Според Јакобсоновата формулација, оската на селекцијата се проектира врз оската на комбинацијата и тоа на начин што ја реализира таа поставка речиси дословно.

Оттука, акумулацијата може да се толкува како јазична реализација на мисловното преиспитување. Ниту еден член не е доволен за целосно определување на поимот, па секој нареден ја дополнува претходната определба и, истовремено, ја покажува нејзината ограниченост. Кога низата завршува со „неименлива“ (Смилевски, 2000: 145), таа експлицитно ја формулира границата до која стигнува именувањето. Препознатливоста на индивидуалниот стил на Смилевски произлегува токму од спојот на трите аспекти на постапката: поимското прецизирање, експресивната интензификација и ритмичката организација на исказот.

Анализата на корпус од 274 лексички низи од романите „Планетата на неискуството“, „Разговор со Спиноза“ и „Сестрата на Зигмунд Фројд“ покажува дека повеќечленото именување е повторлива и препознатлива особеност на прозата на Гоце Смилевски. Постапката е најинтензивна во првиот роман, каде што густината е речиси двојно поголема, додека во подоцнежните два е поретка, но функционално поспецијализирана.

Од семантички аспект, низите не се хомогена категорија. Покрај целосните и делумните синоними, во нив се поврзуваат зборообразувачки дублети, дијалектни и архаични варијанти, термини и нивните објаснувања, хипероними и единици од

поширок семантички полиња. Оттука е неопходно синонимијата како лексичко-семантички однос да се разграничи од лексичко-семантичката акумулација како текстуална постапка, позната во реториката како *accumulatio* или *congeries*. Посебен тип е верижната акумулација, во која значењето преку полисемијата на поединечни членови постепено се поместува кон друга поимска област.

Од стилистички аспект, низите остваруваат поимско прецизирање, објаснување, експресивна интензификација, психолошко портретирање, вредносна карактеризација и ритмичка организација на исказот. Дефинирачките апозиции покажуваат дека објаснувањето може да има и етичка функција, како при разложувањето на бирократскиот еуфемизам на почетокот на „Сестрата на Зигмунд Фројд“.

Синонимите и семантички сродните лексеми кај Смилевски не се употребуваат како алтернативни именувања, туку се реализираат последователно, во ист исказ. Со тоа лексичката синонимија учествува во самото обликување на значењето, а повеќекратното именување станува средство за изразување на сложеноста на мисловните, емоционалните и перцептивните процеси. Во најизразените примери низата ја покажува и сопствената граница – напорот да се именува предметот и свеста дека ниту едно поединечно именување не е доволно.

Прозата на Смилевски покажува дека синонимското богатство на македонскиот јазик не е само речничка категорија туку жив ресурс на книжевното мислење. Во низите истовремено се среќаваат интернационализми и дијалектизми, термини и архаизми, разговорни и книжевни форми, со што македонскиот јазик се претставува во целата своја раслоеност. Резултатите укажуваат дека границата меѓу синонимијата како системски однос и акумулацијата како текстуална постапка е подвижна, а за нејзиното определување се потребни и лексиколошкиот и лингвостилистичкиот пристап.

Литература/References

Груевска-Маџоска, Симона. (2009). *Лексичка синонимија во македонскиот стандарден јазик*. Посебни изданија, кн. 56. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. [Gruevska-Madjoska, Simona. Lexical Synonymy in the Standard Macedonian Language. Special Editions, Vol. 56. Skopje: Institute of Macedonian Language “Krste Misirkov”.] (In Macedonian)

Груевска-Маџоска, Симона. (2021). *Лексикологија на македонскиот јазик*. Скопје: МИ-АН. [Gruevska-Madjoska, Simona. Lexicology of the Macedonian Language. Skopje: MI-AN.] (In Macedonian)

Минова-Ѓуркова, Лилјана. (2003). *Стилистика на современиот македонски јазик*. Скопје: Магор. [Minova-Gjurkova, Liljana. Stylistics of Contemporary Macedonian Language. Skopje: Magor.] (In Macedonian)

ТРМЈ – *Толковен речник на македонскиот јазик*, т. 1–6. 2003 – 2014. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. [TRMJ – Explanatory Dictionary of the Macedonian Language, Vols. 1–6. (2003–2014). Skopje: Institute of Macedonian Language “Krste Misirkov”.] (In Macedonian)

Cruse, D. A. (1986). *Lexical Semantics*. Cambridge: Cambridge University Press.

Cruse, D. A. (2000). *Meaning in Language: An Introduction to Semantics and Pragmatics*. Oxford: Oxford University Press.

Jakobson, Roman. (1960). “Closing Statement: Linguistics and Poetics.” In: Thomas A. Sebeok (ed.), *Style in Language*. Cambridge, MA: MIT Press, 350–377.

Lakoff, George. (1987). *Women, Fire, and Dangerous Things: What Categories Reveal about the Mind*. Chicago: University of Chicago Press.

Lausberg, Heinrich. (1998). *Handbook of Literary Rhetoric: A Foundation for Literary Study*. Leiden: Brill.

Leech, Geoffrey N. and Michael H. Short. (2007). *Style in Fiction: A Linguistic Introduction to English Fictional Prose*. 2nd edition. Harlow: Pearson Longman.

Lyons, John. (1977). *Semantics*. Vols. 1–2. Cambridge: Cambridge University Press.

Извори/Sources

Смилевски, Гоце. (2000). *Планетата на неискуството*. Скопје: Сигмапрес. [Smilevski, Goce. The Planet of Inexperience. Skopje: Sigmapres.] (In Macedonian)

Смилевски, Гоце. (2004). *Разговор со Спиноза*. Скопје: Култура. (4. издание) [Smilevski, Goce. Conversation with Spinoza. Skopje: Kultura. (4th ed.).] (In Macedonian)

Смилевски, Гоце. (2007). *Сестрата на Зигмунд Фројд*. Скопје: Култура. [Smilevski, Goce. Freud's Sister. Skopje: Kultura.] (In Macedonian)